**20212283795**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 40-а од Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СООДВЕТНОСТА НА ВИДОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОПИСОТ НА СТРУЧНИТЕ ЗВАЊА ВО ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТА НА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА, ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ НА БАРАЊАТА ЗА ИЗБОР И РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИ ЗВАЊА, НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧНИОТ ИСПИТ, НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ ИЗБОР, ОДНОСНО РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИ ЗВАЊА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА БОДОВИТЕ ЗА ИЗБОР, ОДНОСНО РЕИЗБОР ВО СТРУЧНИТЕ ЗВАЊА

Член 1

Во Правилникот за соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во дејноста за заштита на аудиовизуелните добра, програмата за полагање на стручниот испит, формата и содржината на обрасците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања („Службен весник на Република Македонија“ бр. 108/16), во член 2 став (1) точката 2 се менува и гласи:

„2. Виш филмски техничар–завршено гимназиско образование, средно уметничко образование или средно стручно образование или вишо образование или високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС од научното подрачје на хуманистичките науки или од научното подрачје на техничко-технолошките науки.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 53-11729/1
4 октомври 2021 година
Скопје

Министер за култура,
**Ирена Стефоска,** с.р.